РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-184/5
17.03.2025 год.
РАНКОВЦЕ

Градоначалникот на Општина Ранковце решавајќи по барањето заведено под број 22-184/1 од 06.02.2025 година (број на постапка 68588) за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Г2.9-ински подруми-винарии, пивари, пекарска индустрија, фурни на к.п.бр.576 КО Љубинци, Општина Ранковце, врз основа на член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОДОБРУВА Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Г2.9-ински подруми-винарии, пивари, пекарска индустрија, фурни на к.п.бр.576 КО Љубинци, Општина Ранковце.
2. Составен дел на ова Решение е Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Г2.9-ински подруми-винарии, пивари, пекарска индустрија, фурни на к.п.бр.576 КО Љубинци, Општина Ранковце со со тех.број 400/24 од март 2025 година, изработена од Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање, изведување и инженеринг „ИНГРА" ДООЕЛ Скопје, врз основа на Лиценца за изработување на урбанистички планови бр.0096.

О б р а з л о ж е н и е

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам, број на постапка 68588, заведено под број 22-184/1 од 06.02.2025 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Г2.9-ински подруми-винарии, пивари, пекарска индустрија, фурни на к.п.бр.576 КО Љубинци, Општина Ранковце со со тех.број 400/24 од март 2025 година.

Градоначалникот на општина Ранковце врз основа на доставениот Предлог за одобрување на проектната програма бр. 22-184/4 од 13.03.2025 година од Комисијата за урбанизам формирана со решение бр. 08-1128/1 од 09.10.2024 година, извршиувид и ги проучи прилозите кон барањето при што утврди дека кон барањето се доставени:

1. Полномошно број УЗП 3944/2024 од 30.09.2024 година, заверено кај нотар Анита Велиновска во Крива Паланка.
2. Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Г2.9-ински подруми-винарии, пивари, пекарска индустрија, фурни на к.п.бр.576 КО Љубинци, Општина Ранковце со тех.број 400/24 од март 2025 година, изработена од Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање, изведување и инженеринг „ИНГРА" ДООЕЛ Скопје;

3. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога со деловоден број 08/24-481-3 од 25.11.2024 година, изработен од Друштво за геодетски и катастарски работи „ГЛОНАС“ ДООЕЛ Скопје.
4. Известување за електронска заверка на геодетски елаборат бр. 1110-29/2024 од 25.11.2024 година.
5. Услови за планирање на просторот со тех.број Y54224 од јануари 2025 година изработени од Агенција за планирање на просторот.
6. Решение за услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање бр.15 127/2 од 30.01.2025 година.

Врз основа на горенаведеното се констатира дека се исполнети условите од член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија “бр.32/2020, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

Правна поука: Против решението на градоначалникот на Општина Ранковце, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski
Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=187325, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2025.03.17 09:56:49 +01'00'

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

Borche Spasovski
Digitally signed by Borche Spasovski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=248755, title=Gradonacalnik, sn=Spasovski, givenName=Borche, cn=Borche Spasovski
Date: 2025.03.17 09:58:23 +01'00'